РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-307/10
18-10- 2023 год.
СТРУМИЦА

# ЗАПИСНИК

Од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19) од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 18. 10. 2023 година со почеток во 11.00 часот во просториите на Инспекциски совет Скопје пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на општина Струмица со Арх.Бр.04-307/9 од 17. 10. 2023 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Зоран Узунов- Раководител на одделение за инспекциски работи во финансии, образование, спорт, туризам и угостителство и други инспекции во надлежност на општината- Виш инспектор во Сектор за инспекциски работи. Ментор на кандидатот за инспектор.

- Ѓорги Аризанов- Советник инспектор за патен сообраќај во Одделението за инспекциски работи.

- Николчо Стоилов- Советник Комунален инспектор во Одделението за инспекциски работи.

- Ресул Шемо- член од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт- Номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Ѓорѓи Чукарски на работно место Главен инспектор- општински комунален инспектор во Сектор за инспекциски работи при општина Струмица.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Ѓорѓи Чукарски изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден иснпекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот вонреден инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Ѓорѓи Чукарски, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

Планирање и подготовка за инспекциски надзор ___15___ бодови.

Спроведување на инспекциски надзор ___30___ бодови.

Затворање на инспекцискиот надзор ___30___ бодови.

Документирање на инспекцискиот надзор___15___ бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Ѓорѓи Чукарски, го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоено 90 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 11.00 часот на ден 18. 10. 2023 година.

Завршување во 13h часот на ден 18. 10. 2023 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот за инспектор:

1. Зоран Узунов ____________

2. Ѓорги Аризанов____________

3. Николчо Стоилов ____________

4. Ресул Шемо ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА

СТРУМИЦА

1